ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0401-432
26. 11 2019 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основ на член 14 став 1 и 3, член 22 и 23 од Законот за работни односи - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.167/2015), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016), член 37-и од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.41/2014), член 2, 3, 4 и 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирање за даватели на јавни услуги и помошно-технички лица, а во врска со примено Позитивно мислење на Изменет годишен план за вработување за 2019 година со бр. 12/6–801/7 од 22.11.2019 година, ЈКП „Комуналец" – Свети Николе објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 0401-432
За пополнување слободни работни места на неопределено работно време

1. ЈКП „Комуналец" Свети Николе има потреба од вработување на:

| Ред. број | Шифра | Назив на работното место | Бр. на извршители |
|---|---|---|---|
| 1 | КДР 03 05 В01 001 | Одржувач на паркови и зеленило | 1 |
| 2 | КДР 03 05 В02 007 | Одржувач на јавно-прометни површини | 2 |
| 3 | КДР 03 05 В02 006 | Комунален хигиеничар | 1 |
| 4 | КДР 03 05 Б02 042 | Предводник на одделение за водовод и канализација | 1 |
| 5 | КДР 03 05 Б02 075 | Референт-инкасант | 1 |

2. Работниот однос се заснива на неопределено работно време.
3. Работниот однос се заснива на полно работно време.
4. Секој кандидат треба да ги исполнува општите услови:
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

5. Кандидатите кои ќе се пријават за работното место под реден број 1 треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Закон за јавни претпријатија, ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за давателите на услуги, односно за нивото В1:
- стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование и
- најмалку една година работно искуство во струката

За работното место под реден број 1 работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 07.00 часот до 15.00 часот.
Основната нето плата за работното место под реден број 1 изнесува 13.125,оо денари за полно работно време.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се: Македнонец(ка) 1

6. Кандидатите кои ќе се пријават за работното место под реден број 2 треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Закон за јавни претпријатија, ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за за давателите на услуги, односно за нивото В2:

- стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование и
- со/без работно искуство

За работното место под реден број 2 работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 07.00 часот до 15.00 часот.

Основната нето плата за работното место под реден број 2 изнесува 13.125,оо денари за полно работно време.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се: Македнонец(ка) 2

7. Кандидатите кои ќе се пријават за работното место под реден број 3 треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Закон за јавни претпријатија, ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за за давателите на услуги, односно за нивото В2:

- стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование и
- со/без работно искуство

За работното место под реден број 3 работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 07.00 часот до 15.00 часот.

Основната нето плата за работното место под реден број 3 изнесува 13.125,оо денари за полно работно време.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се: Македнонец(ка) 1

8. Кандидатите кои ќе се пријават за работното место под реден број 4 треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Закон за јавни претпријатија, ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за за давателите на услуги, односно за нивото Б2:

- стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование и
- најмалку две години работно искуство во струката

За работното место под реден број 4 работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 07.00 часот до 15.00 часот.

Основната нето плата за работното место под реден број 4 изнесува 15.400,оо денари за полно работно време.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се: Македнонец(ка) 1

9. Кандидатите кои ќе се пријават за работното место под реден број 5 треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Закон за јавни претпријатија, ЗРО или Колективен договор за комунални дејности и условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе за за давателите на услуги, односно за нивото Б2:

- стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование и
- најмалку две години работно искуство во струката

За работното место под реден број 5 работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 07.00 часот до 15.00 часот.

Основната нето плата за работното место под реден број 5 изнесува 15.050,оо денари за полно работно време.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се: Македнонец(ка) 1

10. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во архивата на јавното претпријатие на ул. Карпошева бр.82 Свети Николе или на веб страната www.jkpsvetinikole.com.mk

Со пријавата кандидатите за сите работните места треба да приложат:

- кратка биографија
- доказ за завршено образование (диплома оригинал или копија)
- уверение за државјанство (оригинал или копија)
- доказ дека не му е изречена казна за забрана за вршење на професија, дејност или должност (оригинал или копија)
- доказ за работно искуство (оригинал или копија) за работно место под реден број 4 и 5

Пријавите заедно со прилозите се доставуваат лично во јавното претпријатие или по пошта на адреса ЈКП „Комуналец" – Свети Николе; ул. Карпошева бр. 82; 2220 Свети Николе.

Контакт лице: Дарко Максимов, тел: 032/443-837, e-mail: jkpkomunalecsvetinikole@yahoo.com.

Огласот е отворен 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Ненавремените, нецелосни и неуредно пополнети пријави нема да бидат предмет на разгледување од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување.

11. Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од две фази и тоа: административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

По спроведување на сите фази од постапката за селекција за вработување, за секое различно огласено работно место комисијата за селекција изготвува конечна ранг листа од пријавените кандидати кои ги поминале сите фази од постапката за селекција и ја доставува до директорот на претпријатието, а конечна одлука за избор ќе донесе директорот на јавното претпријатие во законски предвидениот рок.

**ЈКП „Комуналец" Свети Николе**
**в.д.Директор,**
**Александар Давитков**